

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.12, МЕСЕЦ АПРИЛ 2019

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ РАБОТИ






## ТППЕ КАВАДАРЦИ СО ЦЕЛОСНО НОВ ЛИК

Градоначалникот Митко Јанчев беше во посета на Територијалната противпожарна единица Кавадарци. Првиот човек на Општината во придружба на Командирот на ТППЕ, како и претставници на Полициската станица од општа надлежност Кавадарци по извршената обиколка на реновираниот дом имаше можност да се запознае со новите услови за работа на пожарникарите.

Општината за реновирање и доградба на зградата и стопанскиот двор потроши 11 милиони денари. Откако целосно заврши реконструкцијата на противпожарниот дом кавадаречките пожарникари добија неспоредливо подобри услови за работа.

Градоначалникот Јанчев изрази нескриено задоволство од завршената работа и спроведените интервенции на објектот и дворот, како и од донациите на општествено одговорните компании од градот со што во многу се подобрија условите за престој и работа на пожарникарите. Јанчев најави дека ќе продолжат инвестициите за модернизација на опремата на пожарникарите, но и ќе иницира после претседателските избори да се зголемат и нивните плати.

Командирот на ТПЕ Кавадарци Александар Чадамов искажа задоволство од новите услови за работа, упати јавна благодарност до општината, градоначалникот и донаторите, при што подвлече дека сето тоа допринсува за поголема мотивираност кај пожарникарите за работа.

## ВОЗИЛО ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИТЕ ВОЗИЛА

Во Кавадарци пристигна специјализираното возило за отстранување на непрописно паркираните возила кое ќе биде во сопственост на новоформираното Јавно претпријатие за паркинзи при Општина Кавадарци.

Со ова се оформува проектот за Зонско паркирање што опфаќа регулација на паркирањето во градот. Според проектот кој официјално ќе биде промовиран деновиве граѓаните ќе мораат да ги почитуваат прописите и правилата за паркирање на главните улици во Кавдрци.

Официјалната промоција на проектот „Зонско паркирање“ и Пајак служба ќе се случи деновиве.





## ПРОЛЕТНА АКЦИЈА ЗА ПОШУМУВАЊЕ

Општината Кавадарци и ЈП „Македонски шуми“ подружница „Бор“ ја започнаа првата пролетна акција за пошумување во 2019 година.

Според акциониот план се пошумуваше на локалитетот „Журов дол“ над селото Ваташа, каде беа посадени 1200 садници на багрем.

Ова е трета акција за пошумување на голините на поројницата. Во акцијата учествуваа: вработените од Општина Кавадарци, вработени во подружницата „Бор“ Кавадарци, ЈП „Комуналец“, од „Кожувчанка“, како и од „Дреклмајер“ со механизација.

Во акцијата треба да бидат посадени од 7 до 8 иљади садници на багрем .

## ПРОБИВАЊЕ НА УЛ.“КУКУШКА“

Општина Кавадарци приврשува со реализација на проектот за пробивање на улицата „Кукушка“ и нејзино спојување со улицата „Мито Хаџивасилев-Јасмин“. Со поставувањето на бехатон коцките се оформи проширена улица за дополнителни 20 сантиметри, а се отвори и нов пократок и директен сообраќаен пристап за жителите на оваа улица кон една од главните сообраќајници во градот. Општината на оваа локација најпрвин спроведе рушење на стар куќа подложна на паѓање, како и отстранување и расчистување на просторот. Со тоа се отстрани сериозна опасност по пешаците и сообраќајот на улицата „Мито Хаџи Василев-Јасмин“ каде секојдневно има голема фреквенција на возила и пешаци, особено на учениците од гимназијата „Добри Даскалов“. Согласно проектото општината овде претходно изврши промена на подземната инфраструктура, а беше изграден и армирано-бетонски потпорен ѕид.





**ПЕШАЧКА ПАТЕКА**

Ангажираната фирма„Лабино трејд-Констракшн“ од Гостивар го реализираше комунално еколошкиот проект за формирање на пешачка патека на дел од поројницата„Желков дол“. Согласно проектот се направи спојување на улиците„Страшо Пинџур“ и„4 Мај“ врз коритото на поројницата.
На овој дел се оформи пешачка патека со покривање и поставување на пешачка патека од бехатон коцки.
Освен комуналната, покривањето на оваа делница од„Желков дол“ има и еколошка функција, со што ќе се спречи фрлањето на отпад во коритото на долот.
Долж новоформираната пешачка патека општината ќе постави и 7 канделабри од јавното улично осветлување, за непречено движење на пешаците во ноќните часови, воедно ќе им овозможи на граѓаните значително скратување на патот, како и побезбедно движење помеѓу улиците„4 Мај“ и„Страшо Пинџур“.

**ПРОБИВАЊЕ НА УЛ.“25 ТИ МАЈ“**

Согласно програмата за комунална изградба општината Кавадарци го реализира проектот за пробивање на сервисната улица “25ти Мај“ во правец на улицата„Рајко Жинзифов“.
Според проектот делницата од улицата во изградба е долга 120 метри.
За оформување на оваа сервисна улица треба да се изврши пробивање, а во фаза на изградба е потпорен ѕид кој ќе ги одреди контурите на еден дел од сообраќајницата.
После тампонирањето ќе следи асвалтирање на улицата која за жителите од овој дел на Кавадарци ќе обезбеди пократка комуникација паралена на улицата„Шишка“.





**ПРЕЧКИ ЗА ЗАБАВУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ**

Ангажираната оператива започна со асфалтирање на првата од вкупно 12-те пречки за забавување на сообраќајот кои се наоѓаат на 8 локации на градските улици.
Легнатите пречки се поставуваат на улиците пред основните училишта:„Димката Ангелов-Габерот“ во с.Ваташа,„Тошо Велков-Пепето“,„Гоце Делчев“, и„Страшо Пинџур“. Во Ваташа ќе има и пречка на главната улица пред мостот за градинката, а средства за забавување на сообраќајот ќе има и пред општинските средни училишта„Ѓорче Петров“ и„Киро Спанџов-Брко“.
Се работи за подигање на испакнати асфалтни пречки за забавување на сообраќајот со стандардна должина од 6 метри и широчина од 4 метри, на местата на пешачките премини.
Тие ќе бидаат соодветно одбележани со хоризонтална сообраќајна сигнализација.
Пред сите 12 забавувачи се поставуваат и соодветни сообраќајни знаци како дел од вертикалната патна сигнализација. Ќе се постават 80 нови столбови на кои ќе бидат прикачени нови 140 сообраќајни знаци за известување.
Изведувач на работите е специјализираната фирма „Бојта инг“ од Скопје.

# ТЕКОВНИ РАБОТИ





## ЗА УБАВО И ЧИСТО КАВАДАРЦИ

Општина Кавадарци преку проектот Мој Општинар а во соработка со Јавното Претпријатие Комуналец деновиве интензивно работи на подигање на нови зелени површини, чистење на неколку локации и посадување на нови дрва и обновување на дворедите во градот.
Локации на кои во моментот се подигаат нови зелени површини се населба Бел Камен, локација Ѓуро Салај – Западен Булевар, локација Игман, триаголникот кај Макпетрол и ВВТиквеш, локација Калница-Киро Крстев и Методија Џунов Џико и Околу Градскиот Стадион односно улица Дисанска.
Деновиве беа завршени триаголниците на Пано Мударов и Тиквешко Востание,и потпорниот зид на улица Страшо Пинџур спроти зградите Силекс.
Дел од локациите веќе се спремни за поставување на систем за наводнување а останатите се во фаза на очистување од диви депонии и припрема за озеленување, набавка на урбана опрема и партерно уредување.
Локации на кои се садат нови садници се Булевар Кочо Рацин на паркингот , Улица Страшо Пинџур кај Ваташката Пошта и улица Методија Џунов Џико.
Дрворед кој се обновува во моментот е дрворедот на Улица Гоце Делчев.
За оваа намена ЈП Комуналец има набавено околу 200 садници и истите ќе бидат посадени до крајот на овој месец.



## НОВИ СЕМАФОРИ

Реализацијата на сообраќајниот проект за подобрување на вертикалната патна сигнализација продолжува според утврдената динамика.
Денеска се спроведе монтажата на Полу порталните столбови-носачи на лантерните на раскрсницата на улицата„Илинденска“ со улицата„Мито Хаџивасилев-Јасмин“. Проектот предвидува овде да се постават три носачи и тоа два на улицата„Илинденска“ и еден на ул.„Мито Хаџивасилев-Јасмин“.
Претходно оперативата на изведувачот„Конструктор“ од Кочани, ги постави 4-те мали столбови за пешачките семафори. Во првата фаза беше извршена целосна реконструкција на подземната елекрична инсталација.
Полупортални столбови ќе бидат поставени и на преостанините две раскрсници предвидени за реконструкција на семафорите и тоа три кај„Старата автобуска“ и 2 столба на бул.„Моша Пијаде“ на раскрсницата кај ООУ„Гоце Делчев“.
Ова е прв сеопфатен зафат за реконструкција на семафорите од нивното поставување во седумдесеттите години од минатиот век

# ТЕКОВНИ РАБОТИ



## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Општина Кавадарци и ЈП„Комуналец“ завршуваат со реконструкцијата на постоечка атмосферска канализација за прифаќање на атмосферски води на дел од улицата „Тиквешко Востание“ од раскрсницата кај„Домот на културата“ во правец на„првиот триаголник“.

Деновиве се работеше на поставување на асфалт на рововите од новата линија, со што истите се санираа и се порамнија со нивото на постојниот асфалт

Вкупната должина на реконструираната делница е 317 метри, со два профили и тоа еден дел со должина од 104 м' е изведен со цевки со дијаметар Ф500мм, а вториоти дел од 213 м' со цевки со дијаметар Ф400 мм.

Постоечките сливници беа приклучени на новата атмосферска канализациона линија.

Со овој проект општината обезбеди поефикасно одводнување на центарот на градот од атмосферските води.



## ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД СО НОВ ИЗГЛЕД

Општината продолжува со проектот за реконструкција на градскиот плоштад, во делот каде беше малата летна сцена, пред хотелот„Балкан“. Според новото архитектонско решение на тоа место сега се гради стилска жардинера со одморалиште.

Во оваа фаза од изградбата, ангажираната оператива лепи декоративни плочки на ѕидовите од жардинерата. Украсните елементи се од ист материјал како на постојните жардинери на плоштадот.

Откако ќе заврши оваа операција, во наредниот период ќе следи хортикултурно уредување, како и поставување на нова урбана опрема во делот за одмор во жардинерата.



## ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНДЕЛАБРИ

Општина Кавадарци преку ангажираната фирма реализира проект за дополнување на јавното улично осветлување. На тротоарот на улуцата„Тиквешко востание“ од страна на зградата на општината се поставуваат 4 ниски канделабри со светилки во форма на фенери. Станува збор за дислоцираните канделабри од плоштадот во кои ќе се вградат еколошки штедливи ЛЕД светилки. Целта на општината е да се подобри јавното улично осветлување на потегот од спојот на ул.„Илинденска со улицата„Миле В‘чков“ до тунелот кај „социјалното“



## ЦИСТЕРНА ЗА ИНДУСТРИСКА ВОДА

Се започна со изградба на конструкција за цистерна за индустриска вода кај Спомен Костурницата. Оваа вода ќе се користи за наводнување на Градскиот парк и за потребите на ГРК Тиквеш.



## БУНАР ЗА ИНДУСТРИСКА ВОДА

Во завршна фаза е и бунарот за индистриска вода кој можат да го користат и граѓаните за полнење со вода на механизацијата која ја користат за земјоделството.




## ВТОРА НАЈЕКОЛОШКА ОПШТИНА

Општина Кавадарци освои второ место на конкурсот за најеколошка општина за 2018 година. Ќе продолжиме напорно да работиме и се надеваме дека Општина Кавадарци наредната година ќе се најде на прво место.

# ТЕКОВНИ РАБОТИ



## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.“СКОПСКА“

Проектот за реконструкција на улицата„Скопска“ во должина од 170 метри е во одмината фаза на реализација. Деновиве се изврши целосна реконструкција на подземната инфраструктура.Јавното комунално претпријатие„Комуналец“ изврши реконструкција на старата и дотраена подземна инфрастуктура. Се постави нова водоводна како и линии за фекална и атмосферска канализација. По извршената реконструкција на подземната инфраструктура ќе следи асфалтирање на улицата.

## НОВ КРУЖЕН ТЕК КАЈ ВВ ТИКВЕШ

Општина Кавадарци преку ангажираната фирма„Градба промет“ од Кавадарци започна со релизација на сообраќајно- комуналниот проект за изградба на кружен тек кај ВВ„Тиквеш“. Проектот овде предвидува современо сообраќајно решение со кружен тек за експресно одвивање на сообраќајот. Овој четврти кружен тек во градот се наоѓа на раскрсницата на улиците„Западен булевар“ со ул. 8 „Септември“. Новото сообраќајно решение ќе зафаќа површина од 3000м2, а ќе биде согласно стандардите со комплетна сообраќајна и комунална инфраструктура на јавно улично осветлување и хорти културно уредување. За реализација на овој капитален проект Општината Кавадарци ќе инвестира 17,5 милиони денари, пари од буџетот за комунална изградба.





## ХОРИЗОНТАЛНА ПАТНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Општина Кавадарци преку ангажираната оператива на специјализираната фирма„Бојта инг“ започна со обележување на хоризонталната патна сигнализација на 12-те нови асфалтни легнати пречи.
Ова е завршна фаза од проектот за поставување на забавувачи на сообраќајот кои според сообраќајниот проект се изградени на 8 локации на градските улици и тоа пред основните и средните училишта.
Се работи за асфалтни легнати пречки со должина од 6 и широчина од 4 метри, на кои се исцртуваат бели линии за означување пешачки премини-зербри. Претходно паралелно со нивното асфалтирање општината постави и вертикална патна сигнализација од сообраќајни знаци за предупредување. Со овој проект општината очекува подобрување на безбедноста на пешаците, како и намалување на непрописното брзо возење низ значаен дел од градските улици.



## ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР

Општината Кавадарци започна со реализација на капиталниот сообраќајно-комунален проект за проширување на делница од транзитната улица „Западен булевар“. Станува збор за изградба на целосно нова делница со вкупна широчина од 16 метри каде се гради коловозна лента со широчина од 12 метри, како и тротоари од двете страни на улицата секој со широчина од 2 метри. Со овој проект практично се продолжува проширувањето на оваа значајна сообраќајниц од постојното решение со истите димензии од„Новата бензинска“ сега во должина од 1 километар во правец на Росоман. Проектот предвидува и комплетна сообраќајна и светлосна инфраструктура, со што Кавадраци ќе добие нова современа сообраќајница на влезот од северната страна од и кон автопатот кон Росоман и Скопје.







По повод 8- март, меѓународниот ден на жената, на 7-ми беше отворена изложбата „Ракотворбите на жената во Тиквешијата". На изложбта беа презентирани голем број експонати од етнолошката збирка на нашата организација. Автор на истата: Томе Крстевски.

- На 14 март, Во соработка со Асоцијација на наставници по историја на Македонија (АНИМ) и гимназија „Добри Даскалов од нашиот град беше реализирана изложбата „100 години од македонскиот фронт„. Изложбата е на иницијатива на проф. по историја Наташа Матакова, која е член на здружението.

- 26 март, во соработка со Музеј на град Скопје, Македонско-јапонско друштво за пријателство и соработка Скопје и Јапонската амбасада во нашата држава беше отворена изложбата „УКИЈОЕ – Јапонскиот лебдечки свет„. Автор на проектот и куратор на изложбата – Јасминка Намичева, архитект кустос-советник во Музеј на град Скопје. Во текот на месец март беше реализиран и еден едукативен проект во соработка со градинката "Рада Поцева" од нашиот град при што донираве нагледни средста за дечињата во оваа градинка т.е. за најмладата популација.

Зедовме учество во Годишното Собрание на ИКОМ – во град Скопје. Во текот на месецот се продолжи со реализација на проект, за дигитализизација и 3Д презентација на Новиот Музеј.

4-ти март

Во соработка со ЈОУГД „Рада Поцева„ во објектот „Буба Мара„ се реализира донација од страна на Музеј галерија - Кавадарци. Таа се состои од креативни нагледни средства со мотиви од традицијата на нашиот предел ( лозја, обработка на лозја , берење на гоје, варење на ракија и слично). Овие експонати кои се во сопственост на Музеј галеријата беа подарени на свеченото отворање на Новиот Музеј на традиционална тиквешка храна на 09.05.2013 година. Тие се моделирани со фондан од вештите раце на Славица Кузманова претставник и учесник на Вешта жена од Кавадарци. Креациите имаат за цел натамошно претставување и запознавање на најмладите од оваа установа со традицијата од нашиот предел. Присутни на настанот беа дечињата од средната и големата група придружувани од одговорните воспитувачи и негователи. Директорите на институциите Весна Ѓорѓиева и Цана Добринова го извршија примо предавањето на овие нагледни средства во присуство на педагогот Билјана Ристова, дефектологот Верица Касапинова и претставници од Музеј галерија Томе Крстевски - етнолог и Сијка Лазова - сметководител.

Воедно беше реализиран едукативен Проек, запознавање на дечињата со нашата традиција за одгледување на винова лоза и преработка на вино и ракија.




Ученици од Македонија, Шпанија, Бугарија, Турција и Романија, беа гости во Општина Кавадарци. Посетата ја искористија да се запознаат со надлежностите, поставеноста и работата на градоначалникот и Локалната самоуправа.

Учениците и нивните професори се дел од Програмата на Европската Унија Еразмус+. Домаќин е Општинското основно училиште „Димката Ангелов Габерот“, од с. Ваташа кое во периодот од 2018 до 2020 година ќе имплементира 3 Еразмус+ проекти во кои се вклучени обуки за ученици и наставници. Проектите се со теми за поттикнување на претприемачките вештини, изнаоѓање различни методи во инклузивното образование и приближување кон клучните социјални компетенции во Европската Унија. Во оваа сесија учесниците го имплементираат проектот „Поттикнување на претприемачките вештини“. Во негови рамки од 23 до 30 март во училиштето се одржува обука за ученици од 5-те партнерски училишта.

Во рамките на проектот учесниците је посетија и компанијата „Кожувчанка“, а посетата на општината ја искористија како вовед, притоа интересирајќи се за искуствата и активностите на градоначалникот Митко Јанчев во раководењето на општината и примената на искуствата на млад и потврден претприемач во раководењето на општината.



# СКОК ОД 45 МЕСТА ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ДЕЛОТ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА



ПРИЛОГ 4 - Листа на рангирање на општините по барометарот за веб-транспарентност

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Штип | 61,54% | 42 | Демир Капија | [illegible] |
| 2 | Битола | 54,49% | 43 | Карпош | [illegible] |
| 3 | Кавадарци | 50,64% | 44 | Центар | [illegible] |
| 4 | Велес | 44,87% | 45 | Конче | 18,59% |
| 5 | Охрид | 42,31% | 46 | [illegible] | 17,95% |
| 6 | Струмица | 42,31% | 47 | Гостивар | 16,67% |
| 7 | Радовиш | 41,67% | 48 | Лозово | 15,38% |
| 8 | Кочани | 40,38% | 49 | Пехчево | 15,38% |
| 9 | Крива Паланка | 38,46% | 50 | Македонска Каменица | 15,38% |
| 10 | Василево | 37,18% | 51 | Вевчани | 14,74% |
| 11 | Гевгелија | 37,18% | 52 | Кривогаштани | 14,74% |
| 12 | Прилеп | 37,18% | 53 | Сарај | 14,74% |
| 13 | [illegible] | 35,26% | 54 | Дојран | 12,82% |
| 14 | Делчево | 33,97% | 55 | Ново Село | 12,18% |
| 15 | Кичево | 33,33% | 56 | Македонски Брод | 11,54% |
| 16 | Берово | 32,69% | 57 | Валандово | 10,90% |
| 17 | Демир Хисар | 32,69% | 58 | Дебарца | 10,90% |
| 18 | Куманово | 32,05% | 59 | Пласница | 9,62% |
| 19 | Тетово | 31,41% | 60 | Карбинци | 8,33% |
| 20 | Зрновци | 30,13% | 61 | Желино | 8,33% |
| 21 | Гази Баба | 30,13% | 62 | Липково | 7,05% |
| 22 | Ресен | 29,49% | 63 | Сопиште | 7,05% |
| 23 | Новаци | 28,85% | 64 | Арачиново | 5,13% |
| 24 | Чашка | 28,85% | 65 | Градско | 5,13% |
| 25 | Град Скопје | 28,85% | 66 | Могила | 5,13% |
| 26 | Виница | 27,56% | 67 | Теарце | 5,13% |
| 27 | Неготино | 27,56% | 68 | Чаир | 5,13% |
| 28 | Свети Николе | 26,28% | 69 | Росоман | 3,85% |
| 29 | Ѓорче Петров | 25,64% | 70 | Чучер Сандево | 3,85% |
| 30 | Дебар | 25,64% | 71 | Студеничани | 3,21% |
| 31 | Илинден | 25,00% | 72 | Центар Жупа | 2,56% |
| 32 | Крушево | 25,00% | 73 | Шуто Оризари | 2,56% |
| 33 | Кисела Вода | 25,00% | 74 | Петровец | 1,92% |
| 34 | Кратово | 23,08% | 75 | Зелениково | 1,28% |
| 35 | Долнени | 23,08% | 76 | Боговиње | 0,00% |
| 36 | Аеродром | 21,79% | 77 | Бутел | 0,00% |
| 37 | Пробиштип | 21,15% | 78 | Брвеница | 0,00% |
| 38 | Струга | 21,15% | 79 | Врапчиште | 0,00% |
| 39 | Чешиново-Облешево | 20,51% | 80 | Ранковце | 0,00% |
| 40 | Босилово | 19,87% | 81 | Старо Нагоричане | 0,00% |
| 41 | Маврово Ростуше | 19,87% | | | |

Од 48 мо на 3 то место. Ова е скок од 45 места за општина Кавадарци во делот на транспарентно и отчетно работење.

Еден од показателите за успешност на една општина и доброто управување на истата е транспарентноста и отчетноста во работењето. Граѓаните на една општина заслужуваат и треба да бидат во тек со сите активности на општината но и да бидат вклучени во реализацијата со нивни идеи. Секоја општина има обврска да биде транспарентна и според правната рамка.

Градоначалникот Митко Јанчев информираше за овој значаен напредок на општината и нагласи дека стремежот е општината да го заземе првото место по транспарентно работење.

Според  Проектот: “Следење на принципите на јавна администрација во зачувување на вредностите на добро управување“ финансиран од ЕУ ЗА ТЕБЕ , Општина Кавадарци до 2017 година била на 48 место по транспарентноста односно 21% транспарентност , додека во 2018 година се наоѓа на 3 то место или 51% исполнетост на критериумите за транспарентност. По самото презентирање на овие резултати од испитувањата за транспарентност на општините, Општина Кавадарци веднаш започна со анализирање на пропустите и доградба на достапните информации преку кои во наредната година ќе се подобри процентот на транспарентност.



# ГАСОТ ВО КАВАДАРЦИ ЌЕ СТИГНЕ ДО ЈУЛИ

Едногласно кавадаречкиот совет во рамки на 22-та редовна седница донесе одлука за започнување на постапка за гасификација на Кавадарци. Изготвувачите го презентираа идејниот проект пред советниците. Беше речено дека реално е да се очекува до јули Кавадарци да добие гас.

Преку дистрибутивен центар со гас ќе се снабдуваат домаќинствата и останатите индустриски објекти. Објектите повисоки од 7 ката нема да можат да се гасифицираат на стандарден начин. Ќе биде изградена 22 километарска мрежа, а проектот за гасификација ќе ја чини општината два милиони евра.

Со воведување на гасот како енергенс, општината ќе има повеќе бенефити, а најважни се намалувањето на загадувањето на воздухот, поевтина енергија и добивање поголема енергетска ефикасност.



# СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“

На 6 март 2019 година СОЗШУ „Ѓорче Петров“ од Кавадарци на свечен начин го одбележа својот празник на кој, покрај другите, присуствуваа и делегации од збратимените училишта од Александровац и од Сурдулица, Република Србија, партнери со кои се градат мостови на меѓусебна соработка. На денот на училиштето присуствуваа и поранешни професори кои го вградиле својот живот во оваа образовно воспитна институција со својата посветеност, креативност и дух. Пред бистата на Ѓорче Петров пред училиштето беа положени свежи цвеќиња од делегација на училиштето и од Локалната самоуправа Кавадарци. Беше изведена пригодна културно – уметничка програма во која ученици од училиштето рецитираа за „Спас за нашата планета“ а во пресрет на Денот на жената стихови посветени на современата жена. Завршницата на свечената седница беше украсена со две музички теми во изведба на ученичката од новоформираната фармацевтска паралелка Евангелија Грбиќ. Во рамките на прославата беа опфатени следните активности: Спортски натпревари во кошарка, изложба на слики од активности во училиштето, изложба на пехари, пофалници, изложба на вино и ракија. Се доделија јубилејни награди на професорите и награди на учениците за постигнати успеси. Горан Велковски -директорот на СОЗШУ ги поздрави присутните и да даде краток осврт на досегашните постигнувања на Земјоделско – Шумарското Училиште и плановите за идните развојни линии на училиштето. За својата успешна работа во воспитно-образовниот процес им се доделија јубилејни награди на професори за поминати 20 години работа во СОЗШУ на Лилјана Ѓорѓиева, Бранка Рамова и Стефан Ацев и 30 години работа во СОЗШУ на Киро Спиров и Бошко Настов. Пофалници за особен придонес кон афирмацијата и реномето на училиштето им се доделија на повеќе ученици за добиени награди на натпревари: Кроење на винова лоза - Никола Орешков и Стојанов Васко Поетски конкурс „Пехарот на свети Трифун“ - Розе Милкова Државен тракторски натпревар – Јована Борисова Цветен аранжман – Марија Бошева Најдобра фотографија - Трајчевски Борче






## ПРЕВЕНИРАЊЕ НА НАСИЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ И ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Градоначалникот г-дин Митко Јанчев и претседателката на Институтот Европа за тебе – Скопје Елизабета Томевска Илиевска, во домот на културата „Иван Мазов Климе“ во Кавадарци на 180 наставници учесници на семинарите на тема „Превенирање на насилното однесување меѓу учениците во основните и во средните училишта“ им врачија сертификати за учество и успешно завршена обука.

За суштината на ова стручно предавање говореше м-р Зорица В’чкова советник за образование во Општина Кавадарци која посочи дека Обуката имаше интерактивен карактер, со динамична комбинација на теоретски и практични сознанија, со цел да им помогнат на учесниците не само да ги надградат своите знаења за насилствата во училиштата, туку и да разменат искуства од сопствените практики,

Градоначалникот Јанчев им честиташе на наставниците за стекнатото знаење и можноста за ова тема да учат и разговараат со најдобрите стручњаци во земјата, како и можноста наставниците да се стекнат со ефикасни и применливи стратегии за препознавање и интервенција во насилни ситуации кои потенцијлно би можеле да се јават во нивните училишта. Градоначалникот притоа искажа и задоволството од одржувањето на семинарот во Кавадарци.

Од 21. до 29. март 2019 година мултидисциплинарен тим на експерти од Институтот за европски образовни, социо-културни и економски политики –Европа за тебе, од Скопје во соработка и поддршка од општина Кавадарци, одржа четири семинари На семинарите беа опфатени наставници од одделенска и предметна настава, професори од средните училишта, како и стручните соработници 7 од основните и 3 од средните учулишта.Семинарите се одржаа во ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ и средното земјоделско шумарско училиште „Ѓорче Петров“.

Поединечните теми во рамките на овие семинари беа фокусирани на: правата на децата, правни, социолошки, психолошки и педагошки аспекти на насилството и малтретирањето ( булингот ) во училиштата, психолошки последици од изложеноста на малтретирање и насилство во училиштето и можности за нивно рано препознавање и превенција.

Семинарите беа реализирани од страна на реномирани униврезитетски професори и тоа д-р Дејан Мицковиќ, д-р Татјана Стојаноска Иванова , д-р Ана Фрицханд и д-р Елизабета Томевска Илиевска.








Меридиан Атлетик-Еко сезона започнува со меѓународни настапи. На 24 февруари во Сплит трчаа 10 членови, кои покрај бурата успешно ја завршија трката:

Вељан Паризов 1:38:52 | Борис Ѓорѓиев 1:46:57
Александар Митревски 1:50:39 | Александар Кузманов 1:52:36
Митко Гечев 1:53:01 | Зоран Ѓорчев 1:54:08
Анастас Гечев 1:57:26 | Мицка Наумчевска 2:14:49
Олга Динева 2:36:09 | Ѓорѓи Наумчевски 5km (29:18).

На 3 ти март , Даниела Алексова успеа да го истрча својот прв полумаратон, а 10 члена од екипата трчаа на полумаратонот во Катерини, Грција.

Потсетуваме и дека на 15 ти јуни го очекуваме вториот Кавадаречки ноќен полумаратон кој лани на трите трки го трчаа 250 тркачи, а оваа година се очекува уште поголема масовност.



Минатата недела на Градскиот стадион во Кавадарци на ден 30.03.2019 година се одигра Дербито на 18-то од Втората МАкедонска фудбалска лига-Исток помеѓу екипите на ГФК Тиквеш 1930 од Кавадарци и ФК Борец 1919 од Велес.Во мошне добар амбиент на Градскиот стадион во Кавадарци натпреварот заврши со победа на домашната екипа на ГФК Тиквеш со резултат од 3:0 .  Како што стојат работите екипата на ГФК Тиквеш 1930 се наоѓа на втората позиција на табела со 39 бода ,односно 7 бода помалку од прво пласираната екипа на ФК Борец од Велес. Натпреварот го проследија од околу 2,000  гледачи ,а исто така присутни беа и навивачките група на Лозари Исток од Кавадарци и Гемиџии од Велес.Натпреваро се одигра фер и коректно ,публиката беше задоволна од учинокот на домашната екипа на ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци. Со тој натпревар се завери и 2 круг од првенството на ВТОРА-МФЛ -Исток ,така да екипата на ГФК Тиквеш останува на таа втора позиција на табелата што води во Бараж натпревари за влез во Првата Македонска Фудбалска Лига.

Претседателот на Градскиот Фудбалски клуб Тиквеш г-динот Миле Масларков не можеше да ги сокрие емоциите од тој натпревар,се заблагодари на публиката и на навивачите и најави дека ке продолжи со својата работа и амбициозност за Тиквеш да влезе во ранг погоре односно во Прва Лига.

Исто така и шефот на стручниот штаб Љупчо Димитковски -Гањо е задоволен од учиникот на неговата екипа на овој натпревар што се одигра ,но и од останатите натпревари што се одиграа и најави уште поголема заложба за да се оствари целта а тоа е влез во Првата Македонска Лига. Следни натпревари што ке ги одигра екипата на ГФК Тиквеш се:Плачковица (Д),Партизан О.(Г),Вардар Н.(Д),Каменица Саса (Г),Кит Го (Д),Брегалница(Г),Кожув(Д),Детонит(Д),Борец(Г). Управниот одбор заедно со играчите и тренерите се заблагодаруваат на досегашната поддршка на публиката и навивачите и ги очекуваат во што поголем број на следните натпревари на домашен терен.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ



# ЛИЧНОСТ НА МЕСЕЦОТ

## СОЊА САМАЏИЕВА

Соња Самаџиева е родена на 22.10.1989 во Кавадарци.
Се запишува во 2004 година во средно уметничко Лазар Личеноски во Скопје каде што завршува како ученик на генерацијата во 2008 година.
Продолжува со студиите во Фиренца на Академијата на применети уметности каде што дипломира во 2009 година со 10/10.
Моментално е запишана на посдипломски студии на истата академија.
Самарџиева денес живее во Фиренца и се занимава со уметност во последните девет години.
Има учествувано на повеќе групни изложби низ Европа и неколку самостојни.
Се занимава со улично сликарство (Arte dei madonnari) во последните 8 години.
Освен во Фиренца ова го работи и на многубројни настани низ Италија и учествува на фестивали низ Европа како единствен претставник од Македонија.
Овој тип на Италијанско традиционално сликарство за прв пат во Македонија го претстави Самарџиева во Кавадарци на Тиквешкиот Гроздобер во 2018.

# НУЛА ГЛАД ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ








Во јуни 2018 година се започнаа разговорите за постоење на Банка за храна во Општина Кавадарци. Неколку месеци подоцна Банката за храна во соработка со Еко – живот и Локалната самоуправа континуирано функционира.

Градоначалникот г-дин Митко Јанчев обезбеди соодветен простор кој ќе служи како магацин во кој ќе се складира донираната храна и брендирано возило кое е во функција на Банката за храна. До сега се реализирани 4 акции за распределба на редовните месечни прехранбени пакети до крајните корисници.

Во иднина се надеваме дека ќе се зголеми бројот на донатори и дека ќе продолжиме со дистрибуција на прехранбените производи да стигнат во вистински раце. Во изминатите денови беа поделени пакети во Крњево, Горна и Долна Бошава, Дреново, Бегниште, Марена и Кавадарци.

Нула глад во Општина Кавадарци!

Зад нас е првата четвртина од новата година. Нова а викам оти ѓоа вчера да беше ка а завршиме старта. Може излитено звуче ама стварно ногу брзо мине времето. Еве дури трепниме за неп'ни 4 недели е Велигден. Иначе мојот најомилен празник, си го сакам најногу од сите празници заедно. Не знам зошто, оште од мал ми е некако останат Велигден како празник над празниците. Едвај чекав да дојде, и јас ама и цела моа Ваташка екипа. Како ортодоксни локал патриоти, останиеме у селто тиа три дена. У Ваташката црква се дутнеме под маса, па имаше обавезно едно чиче шо продаваше шеќерен памук, па шеќерни петлиња, и мојто омилено шеќерни јаб'ки, па поседанка до касно у ноќта пред споменикот на Страшо Пинџур, па првите симпатии. Ја су убеден дека Џина Папас Џокси „На Велигден сум се заљубил" а има напишано еве може не баш за мене ама за некој од екипата обавезно. (иначе ка сме ки ваа песна, кај и да е, за една недела ќе почне да добива на сила по Фе Бе То) После биењето на камбаните го означуваа вртењето околу црква три пати со свеќите у раката. Сите вртат и ни вртиме. И почиња да ти се гасе свеќата. Едно шес седумдесет пати у тиа три круга (од кои тричетериис пати сам а гасиш за да побараш да а запалиш од на симпатијата свеќата, правејќи фаца у стилот, не знам зош ми се гасе нема ногу ветер, а она це напрае „На Тошо", само це насмее и по не знам кој пат ќе ти дозволе да запалиш од нејната свеќа), и од кога ќе завршеше цела церемонија, си отидеме дома најзадоволни да го глеаме или „Исус од Назарет" прв и втор дел или „Кралот над Кралевите", по сто двајс и седми пат, и секој пат како прв пат да ни беше... И сеа тераме Велигден, и сеа има некои нови дечки кои прават ногу мал дел од тоа шо ни го правеме, ама без шеќерен памук, петле или јаб'ка, не седат на Страшо Пинџур и не си ги гасат свеќите намерно за да си запалат од симпатиите оти симпатиите се презафанати со ставање фотки на ФБ, инстаграм и сл. Свеќите ги заменија со мобилни телефони у раците... Ехххх, времиња најубави...

Пролетта е туа, ваа година Март(а) не се изглупира ногу, така да почнаме да а вадиме полесната гардероба, ама сепак и Април не е ногу сигурен, оти е последен месец шо а има Р буквата у него, а тоа значи дека ако а извадиме полесната гардероба не треба да а конзервираме зимската... Некња го истераме 1ви април, денот на шегата. Цел град беше испаднат на плоштадот, децата од градинките и основните школи заедно со нивните наставнички и наставници а покажаа на дело цела своа креативност, која а имаше до бесконечност а гордите мами, татковци, баби и дедовци со радост ги гледаа својте деца и внуци како дефилират низ улиците на Кавадарци...

П. С. Се смени времето, се помести саат понапред... Ама ни менањето на саатот не е тоа шо беше. Порано вечерта пред да си легниш ги местиш: Будилникот (комада 2(два) ), два три рачни саата, па обичниот ѕиден, па ѕидниот со пилето шо кука, па дигитронскиот со радио шо е... Сеа ставаш и глеаш се само изнаместено. Дури и петелот аФтомацки се апдејтира...

Ву Коцевски

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иновативa Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk